[redacted]

[redacted]

**ДАТУМ** May 23, 2025

**ДО**

## ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

## Адреса: ул.,,Битолска"бр.8

**За Градоначалникот**

**ПРЕДМЕТ: Барње за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** ("Службен Весник на Република Македонија бр. 13 / 01.02.2006 година и измените од 14.07.2008 година, 15.01.2010 година и 03.03.2014 година), [redacted]" ги бара следните информации од јавен карактер:

1. Информација и електронски запис (мапа) за последно важечките Службени гласници каде се предвидени зоните на Општина Демир Хисар за процена на недвижен имот;

2. Просечни цени од м² на продадени недвижности во 2024 година по типови на недвижност и тоа:
Индивидуални станбени згради-куќи, колективни станбени згради, деловни згради, административни згради, индустриски објекти, хотели и објекти за одмор и рекреација, големи трговски единици);

3. Просечни цени од м² на продадени неизградени градежни земјишта и дворни места за 2024 година.

4. Просечни цени од м² на продадено на земјоделско земјиште за 2024 год, по групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште на подрачјето на Општина Демир Хисар и информациите кои се донесени со Одлука на Општина Демир Хисар за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште или просечниот надоместок за метар квадратен експропирано земјоделско земјиште на подрачјето на Општината согласно со прописите за експропријација;

Информациите ги барараме согласно Законот за процена (Службен весник на Република Македонија РМ бр.115/10, 158/11, 185/11 , 64/12 , 188/14, 104/15, 153/15 192/15 и 30/16) според кој процена можат да вршат лиценцирани фирми со проценители кои имаат добиено

соодветни уверенија за поедини области (недвижен имот, транспортни средства и машини и опрема).

Согласно наведеното, овие податоци се од основно значење за работата на друштвото и за Општината, односно за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.

Ве молиме информациите кои се донесени со Одлука на Советот на Општина Демир Хисар да ни ги доставите во писмена форма и електронски запис.

Барател на информацијата:
[redacted]

**ВИ БЛАГОДАРИМЕ НА СОРАБОТКАТА!**

Со почит,

[redacted]

**Датум:** 28.05.2025

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-630/1, 26.05.2025 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува:

-Решение и

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 26.05.2025 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со просечни цени од $м^2$ на продадени недвижности во Општина Демир Хисар за 2024 година, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со просечни цени од $м^2$ на продадени недвижности во Општина Демир Хисар за 2024 година.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 26.05.2025 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 26.05.2025 година под архивски број 18-630/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 28.05.2025 година, под бр. 18-630/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар

Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер

______________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресур

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

1.Актуелни прописи на Општина Демир Хисар каде се предвидени зоните на процена на недвижен имот:

-Одлука за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот-„Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.1/2014" (страница бр.3)
https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2023/11/sluzben-glsanik-br-01-od-03.02.2014.pdf

-Одлука за утврдување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Демир Хисар по катастарски општини-„Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.21/2023 (страница бр.5)
https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2023/12/sluzben-glasnik-br-21-od-26.12.2023.pdf

2. Просечни цени од м2 на продадени недвижности во 2024 година во Општина Демир Хисар:

| **Вид** | **Просечна цена во денари** |
|---|---|
| Индивидуални станбени згради-куќи | 11.247,оо |
| Колективни станбени згрдаи | 10.432,оо |
| Деловни згради | 22.394,оо |
| Административни згради | Нема продажба |
| Индустриски објекти | Нема продажба |
| Хотели | Нема продажба |
| Објекти за одмор и рекреација | Нема продажба |
| Големи трговски единици | Нема продажба |

3. Што се однесува на прашањата под реден број 3 и 4, во доставените Одлуки ги имате бараните податоци.

**Прилог во пдф формат:**

-Одлука за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот-„Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.1/2014" (страница бр.3)

-Одлука за утврдување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Демир Хисар по катастарски општини-„Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.21/2023 (страница бр.5)

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси

---------------------------------------------